Финансиско друштво ФИНМАК е современа компанија која применува иновативна и модерна технологија, посветена на корисниците. Нудиме брзи и лесни решенија за микрокредитирање на физички лица кои се достапни секому.

Нашиот тим се состои од професионалци од областа на финансии, грижа за корисници и ИТ. Поради брз раст на компанијата, повикуваме амбициозни лица да аплицираат на позицијата.

# Менаџер на Оддел за Електронско Кредитирање

Вистинскиот кандидат за оваа позиција е проактивен, флексибилен и ориентиран кон резултати, со цел градење на успешна компанија, притоа имајќи позитивен став во обезбедување на исклучителни услуги кон нашите корисници.

## ОПЕРАТИВНИ ФУНКЦИИ И ЗАДОЛЖЕНИЈА

- Ги поставува целите на Одделот за електронско кредитирање во согласност со целите на Секторот за грижа на корисници и компанијата. Подготвува стратегија и иницијативи за спроведување на истите;
- Го планира бројот на вработените во Одделот и идентификува потреба од промена на бројот на вработени согласно бизнис планот;
- Следи извештаи за перформансот на Одделот за електронско кредитирање на дневна, неделна и месечна основа;
- Иницира и е вклучен во изработка на процеси и процедури поврзани со работата на Одделот за електронско кредитирање и Одделот за плаќања и иницира промени по потреба;

## ОПШТИ ФУНКЦИИ И ЗАДОЛЖЕНИЈА

- Ги поставува ОКРс за Одделот за електронско кредитирање во согласност со ОКРс на Секторот за грижа на корисници и компанијата. Подготвува стратегија и иницијативи за спроведување на истите;
- Иницира и пријавува нови проекти или предлози за системски подобрувања;
- Спроведува оперативни обуки за вработените во Одделот за електронско кредитирање;
- Ги мотивира вработените во Одделите и ја евалуира нивната работа;
- Креира и гради целно ориентиран и конзистентен имиџ на брендот на компанијата;
- Врши други должности и задачи на барање на Директор на Сектор за грижа на корисници, Генерален/Оперативен директор или повисок надреден, кои се во согласност со регулативите и процедурите на компанијата;
- Подготовка на извештаи и известување до повисок менаџмент.



Tigo.mk

## УСЛОВИ ОД КОМПАНИЈАТА

- Дел од менаџмент тимот
- Современа и најнова технологија
- Атрактивен пакет на бонуси
- Дополнително приватно осигурување
- Можност за напредување
- Динамични работни услови во брзорастечка финтек компанија

## ПРЕДУСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ КАНДИДАТОТ

- Завршено високо образование;
- Минимум 3 години искуство во раководење на тимови, од кои минимум 1 година во банка или финансиска институција;
- Активно познавање на англиски јазик и високо ниво на познавање на ексел;
- Способност за управување со проекти и процеси, изразени комуникациски способности, способност за координација со останатите организациони делови во Друштвото, способност за развивање и прифаќање на нови процеси во Друштвото, аналитички и презентерски способност;
- Тренинг по бизнис анализа или проектен менаџмент ќе се смета за предност.

Доколку сметате дека сте вистински кандидат, Ве молиме испратете Ваша биографија преку полето **Аплицирај**

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФИНМАК ДОО го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФИНМАК ДОО, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.

Финансиско друштво ФИНМАК.